**Унија На Македонски Професионални Асоцијации во Креативните Индустрии**
ул. Климент Охридски бр. 63А-8
1000 Скопје, Р.С. Македонија

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено / E pranuar | 27.03.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. / Njësia Org. | Број / Numer | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 22 | 21/1 | / | / |

До:
Влада на Република Северна Македонија
Бул. Илинден бр.2
1000 Скопје

Датум: 26.03.2026

**ДОСТАВА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Почитувани,

Согласно Член 85 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр.52/10, 135/11 и 55/16), во прилог Ви ги доставуваме на усвојување, Деловниот и Финансискиот Извештај од 2025 година!

Со почит,

Кирил Ѓозев
Претседател

- Прилог:

Деловен извештај за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година

Образец за финансиски извештај од 2025 година

**ДЕЛОВЕН ИЗВЕШТАЈ**
за периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година

1. **Општи податоци за организацијата со статус од јавен интерес**
   1.1 Назив на здружението и фондацијата од јавен интерес:
   Унија на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии
   УМПАКИ Скопје

   1.2 Седиште: Бул. Свети Климент Охридски бр. 63А-8, Скопје

   1.3 Податоци за контакт:
   Факс: /;
   e-mail: info.umpaki@gmail.com;
   веб страница: www.umpaci.com;
   Тел. 078294192

   1.4 Дејност од јавен интерес: Уметност, култура и заштита на културно наследство

   1.5 Години на дејствување: повеќе од девет години (2016- )

   1.6 Ниво на дејствување: Национално

   1.7 Организациска структура: Собрание, Надзорен и Управен одбор
   1.8 Човечки ресурси: Пет хонорарно ангажирани лица и еден волонтер

   1.9 Членство во домашни и меѓународни мрежи: Стопанска комора на Северна Македонија, b.creative Network, CNB Denmark, CINWB, ITOCE

2. **Буџет**
   2.1 Вкупен буџет: 800.549 денари
   2.2 Извори на финансирање: Британскиот Совет, Европска Комисија, УНЕСКО

3. **Резиме на програмата за работа**

Во текот на 2025 година, Унијата на македонските професионални асоцијации во креативните индустрии – УМПАКИ Скопје, активно и континуирано ја реализираше својата програма за работа, насочена кон развој, вмрежување, меѓународна соработка и афирмација на културните и креативните индустрии во Република Северна Македонија и поширокиот регион.

Во рамки на своето дејствување, УМПАКИ во текот на 2025 година одржа повеќе работни средби и состаноци со претставници на различни домашни и меѓународни организации за колективно управување со авторски и сродни права, како и со повеќе домашни асоцијации, професионални здруженија и чинители од културниот и креативниот сектор. Овие средби беа значајни за размена на мислења, искуства и информации, како и за јакнење на меѓусекторската соработка, координација

и развој на заеднички иницијативи во интерес на целокупниот креативен екосистем. Дополнително УМПАКИ оствари билатерални средби со Амбасадорите на Република Словенија, Република Франција, Кралството Шпанија, Република Црна Гора како и со високи претставници на Европската Унија во Скопје.

Особено значајно обележје на 2025 година беше успешното финализирање на два значајни меѓународни проекти во кои УМПАКИ беше активен партнер, и тоа:

**I. DIGITCRESHE - Дигитална трансформација на креативниот сектор во високото образование/ Digital Transformation in the Western Balkans Education**

Проектот DIGITCRESHE беше успешно завршен, при што УМПАКИ имаше значајна улога во завршните активности, комуникацијата и координацијата со партнерите. Како круна на проектот, во Скопје беше организирана завршна конференција, на која УМПАКИ беше домаќин на сите 15 проектни партнери, предводени од координаторот од Португалија. Настанот претставуваше важен меѓународен момент за организацијата и за секторот воопшто, со присуство на релевантни институционални претставници, вклучително и претставници од Министерството за дигитална трансформација и Министерството за образование, кои имаа и свои официјални обраќања. Конференцијата овозможи видливост на проектните резултати, размена на искуства и отворање на нови перспективи за понатамошна соработка меѓу високото образование, креативниот сектор и институциите.

**II. Creative Industries Network Western Balkans**

Воедно, успешно беше заокружен и проектот Creative industries Network Western Balkans, во чии рамки УМПАКИ учествуваше на работен тимски состанок во Бања Лука, заедно со останатите партнери во проектот. Во рамки на оваа активност беше реализирана и панел-дискусија со компании од креативниот сектор во Стопанската комора на Бања Лука, што придонесе за продлабочување на регионалниот дијалог, зајакнување на деловните врски и унапредување на размената на искуства и добри практики помеѓу креативните професионалци и организации од Западен Балкан.

Во текот на 2025 година, УМПАКИ активно работеше и на развојот на нови европски партнерства и проектни иницијативи. Во таа насока, организацијата поднесе две апликации на повикот Креативна Европа – Европски проекти за соработка, и тоа една во категоријата small scale cooperation projects, а друга во категоријата medium scale cooperation projects, во партнерство со организации од Западен Балкан и Европа. Две проектни апликации беа поднесени и во Еразмус + програмата. Паралелно со тоа, УМПАКИ успешно подготви и поднесе апликација во рамки на програмата WB-UK Creative Skills Development Fund, заедно со британскиот партнер Curated Place од Манчестер, при што проектот „Future Storytelling" доби грант-поддршка за реализација. Со оглед на тоа што станува збор за една од само десетте поддржани иницијативи на ниво на целиот Западен Балкан, овој успех претставува дополнителна потврда за способноста на УМПАКИ да препознае релевантни меѓународни програми, да гради доверливи партнерства и да развива конкурентни проектни концепти со реален регионален импакт. Овие апликации и постигнувања претставуваат

јакнење на секторот, создавање нови можности за соработка и промоција на креативната економија како важен дел од општествениот и економскиот развој.

## 4. Позначајни проекти и активности во 2025 година

### I. DIGITCRESHE

Во текот на 2025 година, проектот DIGITCRESHE беше успешно приведен кон својата завршна фаза и целосно финализиран. УМПАКИ активно придонесе во реализацијата на завршните активности, во меѓународната координација и во видливоста на резултатите од проектот. Посебно значајна активност беше организацијата на завршната конференција во Скопје, на која присуствуваа сите 15 партнери од конзорциумот, предводени од координаторот од Португалија. На конференцијата учествуваа и претставници од Министерството за дигитална трансформација и Министерството за образование, кои преку официјални обраќања ја потврдија релевантноста на проектот и неговото значење за поврзување на образованието, дигитализацијата и креативниот сектор.

Со успешното завршување на проектот, беа потврдени капацитетите на УМПАКИ за активно учество во комплексни меѓународни партнерства и за придонес во иницијативи што имаат пошироко регионално и европско значење.

***Општа цел на проектот*:**
Истражувањето за Западен Балкан спроведено од Британскиот совет во 2018 година го истакна недостигот од квалификувани поединци во културниот и креативниот сектор, главно поради неусогласеноста помеѓу образовните понуди и барањата на секторот. Образовните програми, наводно, сè уште се засновале на пасивни педагошки методологии кои занемарувале да вградат доволно практично знаење, што значи дека дипломираните студенти имале теоретско знаење, но малку разбирање за тоа како да го применат во пракса и немале вештини и компетенции кои се основни за работното место како креативно размислување, соработка. , лидерство, итн. Во исто време, Европската комисија јасно истакна, во својата Стратегија за Западен Балкан од 2018 година, дека „дигиталната трансформација ... може да биде меѓусекторски поттик за трансформирање на регионот". Затоа, главната идеја на проектот е да се подобри квалитетот на програмите за високо образование во областа на креативните и културните индустрии во земјите од Западен Балкан за да ги направи студентите позадоволни од вештините што ги стекнале, за да се осигура дека дипломираните студенти се поквалификувани и поконкурентни на пазарот на трудот и заради зголемување на вработеноста. Ова ќе се постигне преку дигитална трансформација која ги користи предностите на активните методологии за учење и иновативните дигитални образовни алатки. Проектот ги проценува постојните потреби во тековните програми на факултетите, дизајнира, развива и/или приспособува наставни програми, курсеви, материјали за учење и спроведува различни активности за учење и соработка за наставници, постдипломци и дипломци. Тие имаат различни форми, како што се работилници, интензивни студиски програми, мастер класи, сите во онлајн и офлајн форми. Проектот исто така создава физички капацитети (Креативни лаборатории) во високообразовните институции на Западен Балкан за поддршка на тие активности. Проектот, исто така, подразбира создавање на виртуелна платформа за учење и соработка за да поттикне заеднички пристап за справување со овие образовни пристапи во Западен Балкан и во ЕУ. Во текот

резултат на долгорочна програмска работа, доверба изградена со меѓународни партнери и јасна стратешка насоченост на УМПАКИ кон интернационализација и унапредување на креативниот сектор преку европски механизми за поддршка и вмрежување.

Покрај ова, УМПАКИ во 2025 година продолжи успешно да го развива и спроведува проектот **MCSB**, поддржан од Европската Унија. Во рамки на истиот, претставници на УМПАКИ учествуваа на првиот семинар во Рејкјавик, Исланд, што претставуваше важен почетен програмски чекор во реализацијата на проектот, отворајќи простор за меѓународна размена, методолошко усогласување и градење на заеднички пристапи со партнерите.

Дополнително, УМПАКИ активно учествуваше и на **Creative Industries and Media Forum (CIM Forum)** во Котор, каде организацијата беше дел од релевантен регионален настан поддржан од Британскиот совет (The British Council) посветен на современите текови, предизвици и можности во културните и креативните индустрии, со посебен фокус на медиумите, интердисциплинарноста, вмрежувањето и новите модели на соработка.

Еден од најзначајните меѓународни моменти за УМПАКИ во 2025 година беше учеството на организацијата во активностите поврзани со **Самитот на Западен Балкан** како дел од Берлинскиот процес, во чии рамки, во месец октомври, претставници на УМПАКИ присуствуваа на **Кралски прием организиран од Неговото Височество, Кралот Чарлс III**. Во рамки на овој исклучително значаен дипломатски и протоколарен настан, претставниците на УМПАКИ имаа можност за кратка лична средба и разговор со Кралот Чарлс III, при што беше претставен развојот на креативниот сектор во нашата земја, како и беше изразена благодарност за континуираната и значајна поддршка што Обединетото Кралство ја дава на македонскиот креативен сектор. Овој момент има особено симболично, дипломатско и институционално значење за видливоста на УМПАКИ и за афирмацијата на домашниот креативен сектор на меѓународно ниво.

Исто така, УМПАКИ беше дел од **6. Самит на Кина и земјите од Централна и Источна Европа,** кој се одржа во Макао, каде организацијата учествуваше во рамки на новите меѓународни можности за соработка во областа на креативната економија. Претседателот на УМПАКИ имаше свое обраќање и оддржа презентација на македонскиот креативен и културен потенцијал пред присутните делегати. Во рамки на овој значаен настан, Претседателот на УМПАКИ беше избран за ко-претседател на првиот Президиум на новоформираната Меѓународна трговска организација за креативна економија (ITOCE). Ова претставува исклучително значајно меѓународно признание и стратешка придобивка, не само за УМПАКИ како организација, туку и за позиционирањето на Северна Македонија во пошироките текови на креативната економија, културната дипломатија и новите глобални платформи за соработка.

Преку сите наведени активности, УМПАКИ во текот на 2025 година уште еднаш ја потврди својата улога како активен, кредибилен и препознатлив чинител во областа на културните и креативните индустрии, како на национално, така и на регионално и меѓународно ниво. Организацијата продолжи да дејствува како платформа за поврзување на професионалните асоцијации, иницијативите, институциите и меѓународните партнери, со јасна определба за понатамошно

на проектот ќе има најмалку 30 заеднички активности и иницијативи за соработка меѓу партнерите од балканските земји и земјите членки на ЕУ и програмските земји. Проектот, исто така, ќе вклучи широк опсег на засегнати страни во партиципативен процес на анализа и планирање на новите наставни програми, курсеви, материјали за учење и алатки за усогласување на компетенциите и вештините на дипломираните студенти со барањата на пазарот на трудот.

***Цел на проектот:***

Имено, конкретните цели се поврзани со :

• Пренесување на наставните и истражувачките резултати во заедницата/земјата на секој партнер;
• Зголемено учество на високообразовните институции лоцирани во подалечни реони;
• Регионална интеграција и воспоставување на споредливи алатки за поддршка на академската соработка, мобилност за студенти, персонал и истражувачи;
• Посилна врска и соработка со приватниот сектор, промовирајќи ги иновациите и претприемништвото;
• Усогласување на академскиот свет со пазарот на труд што ја зголемува вработливоста на студентите;
• Зголемено ниво на дигитална компетентност за студентите и персоналот;
• Институционалната сопственост на проектот резултира со обезбедување одржливост;
• Национална сопственост преку експериментирање и вклучување на позитивните и најдобри практики во високото образование; планираните активности вклучуваат дизајн и развој на студиски програми кои ја зајакнуваат нивната техничка и професионална ориентација, воспоставување интензивни студиски програми што ќе ги здружат студентите и наставниот кадар на овие институции, развивање капацитети за постдипломски студенти и академски кадар, како и промовирање на постдипломски студенти и/или мобилност на персоналот , спроведување на курсеви за обука за академскиот кадар и создавање синергии преку зајакнување на врските со бизнис секторот и со приватни или јавни организации активни на пазарот на трудот и во областите на образованието, обуката и младите.

Специфичните цели на проектот се директно поврзани со збир на јасно дефинирани активности:

• Проценка на ситуацијата преку анализа на студии на случај во креативните индустрии во 8 земји;
• Организирање на меѓународен комбиниран настан за презентација на Студиите на случај и добивање повратни информации од надворешни експерти;
• Организирање на мобилност на персоналот од универзитетите од Западен Балкан кон земјите на ЕУ за да можат да имаат корист од локалното искуство;
• Дизајнирање и развивање на интензивни студиски програми и соодветни содржини кои ќе бидат заеднички предавања на професори од ЕУ и ЗБ. Ќе бидат разгледани различни области на креативните и културните индустрии, вклучувајќи филм, анимација и фотографија, графички дизајн, видео игри и комуникациски дизајн;
• Организирање и спроведување на мастер класи со индустриски експерти од ЕУ за наставен кадар и постдипломци од земјите на Западен Балкан;
• Организирање меѓународна конференција за дискусија за промените на академските методологии и наставни програми и за промоција на проектот;
• Ажурирање на дипломските и постдипломските академски програми по евалуацијата на другите програми за обука и соработката на вклучените наставници и експерти;

• Промоција на заедничка онлајн платформа за учење која исто така ќе биде основа за воспоставување мрежа на академски институции во креативните индустрии.

**II. Creative Industries Network Western Balkans**

Во текот на 2025 година, проектот Creative industries Network Western Balkans, исто така, беше успешно завршен. Во рамки на проектот, УМПАКИ учествуваше на партнерски средби и координациски активности, а особено значајно беше учеството на тимскиот состанок во Бања Лука. За време на оваа активност беше реализирана и панел-дискусија со компании од креативниот сектор во Стопанската комора на Бања Лука, што овозможи директна размена на искуства, идеи и можности за понатамошно регионално вмрежување.

Проектот придонесе за подобро позиционирање на УМПАКИ во регионалните текови на креативната економија и за создавање одржливи контакти и партнерства со организации и чинители од Западен Балкан.

Мрежата на Креативни Индустрии во Западен Балкан (CI Network WB) е амбициозна иницијатива насочена кон воспоставување мрежа на креативни хабови, организации и иницијативи во рамките на Креативните и Културни Индустрии (CCI) во регионот.
Крајната цел на проектот е да стане водечка платформа за вмрежување и градење партнерства меѓу професионалци и организации од CCI сектор во Западен Балкан и пошироко. Преку поврзување со најдобрите европски практики и зајакнување на капацитетите за иновации и одржливост, CI Network WB има за цел да ги унапреди и прошири креативните индустрии во регионот.

Имплементатор: Канцеларија за ИТ и е-Влада, Белград, Србија
Проектен партнер: Унија на Македонски Професионални Организации во Креативните Индустрии – УМПАКИ Скопје
Активност: Средби на мрежата – Студиски посети и учество на меѓународни настани за креативните индустрии

**III. Креативна Европа – проектни апликации**

Во 2025 година УМПАКИ поднесе две меѓународни проектни апликации во рамки на повикот Creative Europe Cooperation Projects, и тоа една за small scale cooperation и една за medium scale cooperation. Две проектни апликации беа поднесени и во Еразмус + програмата. Проектните предлози беа развиени во соработка со партнери од земјите од Западен Балкан и Европа и претставуваат важен чекор во понатамошната европска интернационализација на организацијата.

Со ова, УМПАКИ уште еднаш ја потврди својата проактивност, меѓународна ориентација и стратешка посветеност кон користење на европските инструменти за развој и поддршка на културните и креативните индустрии.

Во истиот контекст, на 28 мај 2025 година, во Котор се одржа и **Western Balkans Ministerial Forum on Creative Economy**, како дел од **Berlin Process**, со учество на министри и високи претставници од регионот.
Овој поширок контекст дополнително ја нагласува тежината на присуството на УМПАКИ на CIM Forum Kotor, бидејќи организацијата беше дел од средина во која креативниот сектор беше третиран како сериозна економска и општествена тема на регионално ниво.

## VII. Самит на Западен Балкан и Кралски прием

Во текот на 2025 година, УМПАКИ оствари особено значајно меѓународно присуство во рамки на **Berlin Process / Western Balkans Summit 2025**, што се одржа во Лондон на 22 октомври 2025 година, под домаќинство на Обединетото Кралство. Во пресрет на самитот, на 21 октомври 2025 година, во St James's Palace во Лондон, беше организиран Кралски прием од Неговото Височество, Кралот Чарлс III, како дел од поширoката дипломатска и симболична рамка на самитот. Во овој исклучително значаен контекст, претставниците на УМПАКИ по лична покана на **Неговото Височество Кралот Чарлс III**, присуствуваа на приемот во **St James's Palace во рамки на Berlin Process Summit reception**, што претставува исклучително признание и силен сигнал за меѓународната препознатливост на организацијата и нејзините партнерства.

За УМПАКИ, ова учество имаше повеќекратно значење. Од една страна, присуството на ваков настан претставува високо ниво на институционално и дипломатско признание за работата на организацијата во областа на креативната економија и меѓународната културна соработка. Од друга страна, тоа беше можност креативниот сектор од Северна Македонија да биде претставен во средина каде се среќаваат носители на одлуки, меѓународни партнери, јавни институции и релевантни чинители од Европа и регионот.

Особено значајно е што во рамки на приемот, претставниците на УМПАКИ имаа можност и за краток личен разговор со Кралот Чарлс III, при што беа споделени согледувања за развојот на креативниот сектор во Северна Македонија, неговите потенцијали, предизвици и растечката важност во поширокиот економски и општествен контекст. Воедно, беше изразена и благодарност за континуираната поддршка што Обединетото Кралство ја дава на македонскиот креативен сектор, особено преку програми, партнерства и иницијативи насочени кон развој на вештини, мобилност, културна размена и јакнење на меѓународната соработка.

## VIII. Учество на 6. China-CEE Summit во Макао и ITOCE

Во текот на 2025 година, УМПАКИ оствари уште едно значајно меѓународно претставување преку учество на **6. China-CEEC Cultural and Creative Industry Forum**, односно самитот посветен на културните и креативните индустрии меѓу Кина и земјите од Централна и Источна Европа, што се одржа во Макао, Народна Република Кина, во периодот од 29 до 31 декември 2025 година. За УМПАКИ, учеството на овој настан имаше особено значење бидејќи организацијата беше дел од

## IV. MCSB – проект финансиски поддржан од Европската Унија

Во текот на 2025 година, УМПАКИ активно и посветено започна со реализацијата на проектот **Moving Classics: Sonic Bridges (MCSB)**, меѓународен проект поддржан од програмата Creative Europe на Европската Унија. Проектот е предводен од Einkofi Productions од Исланд, а се реализира во партнерство со организации од Ирска, Кипар, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Северна Македонија, при што УМПАКИ е партнер од нашата земја. Суштината на овој проект е во поврзување на новата музика, подвижната визуелизација, аудиовизуелниот израз и општествено ангажираната уметничка практика, со цел преку интердисциплинарна и меѓународна соработка да се истражуваат современите прашања поврзани со европскиот идентитет, културната разновидност, миграцијата, брендирањето на нациите, независноста и местото на периферијата во европскиот културен простор. Особено значајно е што проектот концепциски се поврзува и со темата **„Culture over Division“**, која е препознаена како дел од поширокиот креативен и вредносен контекст поврзан со **Skopje 2028**.

## V. WB-UK Creative Skills Development Fund / „Future Storytelling“

Во текот на 2025 година, УМПАКИ, во партнерство со британската организација Curated Place од Манчестер, го подготви и поднесе проектот **„Future Storytelling“** во рамки на програмата **WB-UK Creative Skills Development Fund**. Проектната апликација беше успешно селектирана и доби грант-поддршка, со што УМПАКИ се вброи меѓу организациите чии иницијативи беа препознаени како релевантни, квалитетни и развојно важни за креативниот сектор во регионот. Особена вредност на овој успех е фактот што „Future Storytelling“ е еден од само десетте поддржани проекти на ниво на Западен Балкан, во рамки на долгорочната програма на **Обединетото Кралство** за развој на вештини во креативниот сектор. Преку оваа поддршка, дополнително се потврдуваат капацитетот, кредибилитетот и меѓународната препознатливост на УМПАКИ како сериозен национален и регионален чинител во областа на креативната економија.

## VI. CIM Forum Kotor

УМПАКИ зеде активно учество на четвртото издание на **CIM Forum во Котор, Црна Гора** во периодот од 29 мај до 1 јуни 2025 година во Котор, под тематскиот концепт „Rewriting Tradition: From Roots to Code“ - еден од највидливите и најрелевантни регионални настани посветени на креативните индустрии, медиумите, современите комуникации и културната економија.
CIM Forum беше и простор во кој се отвори поширока регионална дискусија за креативната економија како развојна политика, а не само како културна тема. **Британскиот совет**, во партнерство со CIM Forum и **BEYOND Studio**, реализираше посебна програма за креативната економија во рамки на форумот, на која беа собрани повеќе од 70 креатори на политики и лидери од креативниот сектор од над 15 земји, со цел отворање нови перспективи за соработка, размена на искуства и поврзување на регионалните и британските пристапи кон развојот на секторот.

форум со јасна меѓународна димензија, насочен кон поврзување на креативната економија, културната дипломатија, трговската соработка и новите модели на меѓународно позиционирање на креативниот сектор.
Во рамки на ова учество, Претседателот на УМПАКИ беше избран за ко-претседавач на првиот Президиум на новоформираната International Trade Organization for Creative Economy (ITOCE), што претставува исклучително значајно признание и силен меѓународен исчекор за организацијата.

Со реализацијата на овие активности УМПАКИ успева да се позиционира не само како релевантен актер во националниот и регионалниот контекст, туку и како организација способна да воспоставува контакти и да гради улога во нови глобални мрежи поврзани со креативната економија, културната соработка, иновациите и меѓународната трговска размена. Во таа насока, овој настан претставува уште една силна потврда за сериозноста, капацитетот и растечката меѓународна препознатливост на УМПАКИ.

**4. Транспарентност и отчетност**
Годишните приходи за периодот 01.01.2025 – 31.12.2025год. изнесуваат 800.549 денари и истите се остварени од јавни извори на финансирање како и од продажба на услуги..

Во периодот од 01.01.2025 – 31.12.2025год, не се извршени статусни промени.
Конфликт на интереси или евентуални судири на интереси не постојат во УМПАКИ и истото е регулирано со статутот на Унијата. Во телата на УНИЈАТА се делегирани членови од страна на Асоцијациите – членки на УНИЈАТА.

Во наведениот период 01.01.2025 – 31.12.2025 година **не беше** поведена постапка за забрана и престанок со работа на здружението и фондацијата; **не беше** поведено постапка за стечај или ликвидација на Унијата; жиро сметката беше активна и оперативна односно истата не беше блокирана.

Истовремено наведуваме дека УМПАКИ користи изнајмен канцелариски простор и техничка опрема за непречено функционирање и работење и тоа:
Персонален компјутер Intel Core i7-4770K
Monitor 24" Dell UltraSharp U2412M LED IPS, 16:10
Лап топ Lenovo IdeaPad S145-15IIL i5-1035G1
Лап топ Acer Aspire 5S A515-54G 1.6 GhzGHz i5-10210U
Екстерен преносен диск за податоци - HDD External 2.5" 2TB USB 3.0 WD Elements.
Принтер HP Laser Jet Pro MFP M125nw
Согласно член 75 став алинеја 6 од Законот за здруженија и фондации, Годишните извештаи на Унијата за 2024 година, ќе бидат уредно достапни и на веб страната на Унијата, со цел да се обезбеди целосна транспарентност во работењето.

Скопје, 26.03.2026
Место Датум

Кирил Ѓозев
Лице одговорно за составување на извештајот

Своерачен потпис

Кирил Ѓозев

Одговорно лице на организацијата
Со статус од јавен интерес

М.П

Своерачен потпис

# ОБРАЗЕЦ ЗА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

Назив на организацијата од јавен интерес: Унија на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ Скопје

Седиште: Бул. Свети Климент Охридски бр. 63А-8, Скопје
ЕМБС: 7153791
ЕДБ: 4080016561051

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ**
за периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година

(во денари)

| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Износ | |
|---|---|---|---|
| | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | **I. ПРИХОДИ** | | |
| 1. | Приходи од јавни извори на финансирање (збир од редни броеви: 1а+1б+1в) | | |
| 1а. | Од Буџет на Република Македонија | 1102932 | |
| 1б. | Од буџет на единици на локална самоуправа | | |
| 1в. | Од буџет на град Скопје | | |
| 2. | Приходи од членарини | | |
| 3. | Приходи од подароци во парични средства | | |
| 4. | Приходи од донации во парични средства | | 798792 |
| 5. | Приходи од дотации во парични средства | | |
| 6. | Приходи од спонзорства во парични средства | | |
| 7. | Приходи од прилози во парични средства | | |
| 8. | Приходи од продажба на производи и стоки и услуги | 35979 | |
| 9. | Приходи од продажба на промотивен и пропаганден материјал | | |
| 10. | Приходи од извршени услуги | | |
| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Износ | |
| | | Претходна година | Тековна година |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 11. | Приходи од авторски права | | |
| 12. | Приходи од продажба на билети | | |
| 13. | Приходи од издавачка дејност | | |
| 14. | Приходи од закуп и изнајмување на подвижни и недвижни средства | | |
| 15. | Приходи од камати на депозити | | |
| 16. | Приходи по основ на кредити и заеми | | |
| 17. | Приходи од вложувања во хартии од вредност | | |
| 18. | Приходи од дивиденди | | |
| 19. | Позитивни курсни разлики | 1271 | |
| 20. | Приходи од надомест на штета | | |
| 21. | Приходи од продажба на нематеријални и материјални средства | | |
| 22. | Други приходи | 1420828 | 1757 |
| 23. | Вонредни приходи | | |
| 24. | Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | | |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ** (Збир од редни броеви: 1+2+3+4+5+6+7+8+9+10+11+12+13+14+15+16+17+18+19+20+21+22+23+24) | 2561010 | 800549 |
| | **II. РАСХОДИ** | | |
| 25. | Потрошени материјали и ситен инвентар | | 408154 |
| 26. | Други материјални расходи | | |
| 27. | Комунални услуги и греење | | |
| 28. | Комуникациски услуги | | |
| 29. | Транспортни услуги | | 19162 |
| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Износ | |
| | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 30. | Поправки и тековно одржување | | |
| 31. | Издатоци за реклама и пропаганда | | |
| 32. | Издатоци за репрезентација | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 33. | Интелектуални услуги | 541334 | 210800 |
| 34. | Сметководствени услуги | | |
| 35. | Судски и правни услуги | | |
| 36. | Услуги за превод | | |
| 37. | Услуги за копирање, печатење и издавање | | |
| 38. | Статистички истражувања | | |
| 39. | Објавување на огласи | | |
| 40. | Изнајмување на простор и опрема | 646711 | 8020 |
| 41. | Други услуги | 15000 | 20760 |
| 42. | Привремени вработувања | | |
| 43. | Конференции, семинари и работилници | | |
| 44. | Членарини | | |
| 45. | Издатоци за меѓународна соработка | | |
| 46. | Провизија за платниот промет | 8876 | 10946 |
| 47. | Расходи по основ на кредити и заеми | | |
| 48. | Премии за осигурување | | |
| 49. | Негативни курсни разлики | 549 | |
| 50. | Други финансиски услуги | | |
| 51. | Казни и надомест на штета | | |
| 52. | Дневници за службено патување и патни трошоци во земјата | | 72228 |
| 53. | Дневници за службено патување и патни трошоци во | | |
| 54. | Плати | | |
| 55. | Надомести на плата | | |
| 56. | Придонеси за задолжително социјално осигурување | | |
| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Износ | |
| | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 57. | Персонален данок на доход | | |
| 58. | Надоместоци на трошоци на вработените и ангажирани лица | 1387497 | |
| 59. | Други даноци и придонеси | | |
| 60. | Помошти, донации и други давања на правни субјекти | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 61. | Помошти, донации и други давања на физички лица | | |
| 62. | Други помошти и давања | | |
| 63. | Пренесени парични средства на други сметки | | |
| 64. | Средства за градежни објекти | | |
| 65. | Средства за опрема | | |
| 66. | Други капитални средства | | |
| 67. | Други расходи | | 8025 |
| 68. | Вонредни расходи | | |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** (збир од реден број 25 до реден број 68) | 2599967 | 758095 |
| 69. | Остварен нето вишок на приходи = (Вкупно приходи -Вкупно расходи) | | 42454 |
| 70. | Непокриени расходи = (Вкупно расходи - Вкупно приходи) | 38957 | |

Скопје, 24.03.2026
Место Датум

Сашо Раденковиќ
Лице одговорно за составување на извештајот

Своерачен потпис

М.П.

РАДЕНКОВИЌ-ЕМ КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ увоз-извоз СКОПЈЕ

Кирил Ѓозев
Одговорно лице на организацијата со статус од јавен интерес

Своерачен потпис М.П